УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 1032/21
10 декември 2021 година
Скопје

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 декември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат**

За извршител на работното место - технички секретар во Одделението-Кабинет на претседателот на Судот, се избира кандидатот:
- Елизабета Кекеновска.

**Образложение**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 24 јули 2021 година објави Јавен оглас бр.2/21 во два дневни весници („Нова Македонија" и „Коха") и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место - технички секретар во Одделението-Кабинет на претседателот на Судот (еден извршител).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на 17 ноември 2021 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршената административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.964/21 од 17.11.2021 година.

На 29 ноември 2021 година, Комисијата спроведе интервју каде преку ситуациони и стручни прашања беа проверени потребните работни вештини и знаења за работното место за коешто аплицирал кандидатот.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за секое работно место Су.бр.1015/21 од 06.12.2021 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидат како што е наведено во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на на сајтот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Доставено до:** - архива.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска